РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETEROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-1643/3
21-09-2026

Врз основа на членовите 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата на 33-та седница одржана на ден 11.06.2026 година донесе:

# О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 08-2609/1 од 01.10.2025 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со број 08-2609/1 од 01.10.2025 година како завршен да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија за спречување на корупцијата е поднесена пријава од непознат подносител со наводи дека поголем дел од нотарите кои нотарската дејност ја вршат на подрачјето на Општина ________ ја немаат исполнето обврската за поднесување анкетен лист до ДКСК.

Државната комисија по извршени проверки во Регистарот на избрани и именувани лица и во базата со анкетни листови поднесени пред 01.01.2024 година за сите лица кои се именувани за нотари со седиште на подрачјето на ___________, констатира дека од вкупно 14 нотари, само двајца ја имаат исполнето законската обврска за поднесување изјава за имотна состојба и судир на интереси, поконкретно едно лице има поднесено анкетен лист, а едно лице има поднесено изјава во новиот електронски систем. Останатите нотари со седиште на подрачјето на Општина _________ ја немаат

исполнето законската обврска за поднесување на изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата.

Врз основа на доставена документација од Министерството за правда е констатирано дека сите лица кои се предмет на проверка, освен едно на кое му престанала службата поради навршени 64 години, се уште ја вршат службата.

Државната комисија имаше предвид дека законската обврска за нотарите да поднесуваат изјава за имотна состојба и интереси е пропишана со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19). Претходно, согласно Законот за спречување на корупцијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 28/02, 46/04, 126/06, 10/08, 161/08, 145/10, 97/15 и 148/15) и Законот за спречување на судир на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 70/07, 114/09, 128/09, 06/12 и 153/15) нотарите не спаѓале во опфатот на лица кои имале ваква обврска.

Согласно со чл.119 став 6 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси,за лицата кои дотогаш немале обврска да поднесуваат анкетни листови и изјави на интереси, меѓу кои се и нотарите, била пропишана должност да поднесат изјава во рок од 30 дена од денот на пропишувањето на образецот за изјава за имотна состојба и интереси од страна на ДКСК.

Државната комисија Правилникот за новиот образец за Изјава за имотна состојба и интереси го донела на 27.12 2023 година и истиот влегол на сила со денот на објавување во „Службен весник на РСМ" со број 286 од 29.12.2023 година, што значи дека рокот од 30 дена за исполнување на законската обврска за поднесување на изјава за имотна состојба и интереси од страна на нотарите истекол на 28.01.2024 година. Меѓутоа, со оглед дека за неисполнувањето на оваа законска обврска не е предвидена прекршочна санкција во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија нема механизам да ги санкционира лицата за овој пропуст.

Имајќи предвид дека Државната комисија, при постапувањето во предметот, констатираше дека и по истекот на законскиот рок за исполнување на обврската за поднесување на изјава за имотна состојба и интереси, утврдена со член 82 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, поголем број нотари сè уште ја

немаат исполнето оваа законска обврска, Државната комисија ќе достави допис до Нотарската комора на Република Северна Македонија и до Министерството за правда. Со дописот ќе се побара, во рамките на нивните надлежности, да преземат соодветни мерки и активности за обезбедување на исполнувањето на законската обврска од страна на сите нотари, согласно член 82 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на одлуката.

Претседател,

Адем Чучуљ

Изготвил: К.Б., соработник
Контролирал: м-р Н.Т-М., раководител на одделение
Согласен: К.З., раководител на сектор
Одобрил: С.С.М, член на ДКСК